ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 13 ДАТА 28.04.2021 ГОДИНА 39

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 13 ДАТА 28.04.2021 г.


## СОДРЖИНА


- ОДЛУКА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1065/13
23.04 2021 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 23.04.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена и дополнување на Правилникот за регионална организација на Фудбалската Федерација на Македонија на начин што:

1.1 Член 2 се менува и гласи:

„Регионалната организационата структура на ФФМ произлегува од Одлука на Собранието на ФФМ од 14.03.2021 година со која е утврден пречистен текст на Одлуката за измени во територијалната поставеност бр. 0201-1627/9 од 12.07.2020 година која упатува на формирање на 5 (пет) региони и тоа:

- **Источен регион** со (7) ОФС / Трета лига Исток:
ОФС Струмица, ОФС Штип , ОФС Свети Николе, ОФС Кочани, ОФС Пробиштип, ОФС Валандово и ОФС Гевгелија.

- **Северен регион** со (6) ОФС /Трета лига Север:
ОФС Г.Баба, ОФС К.Вода, ОФС Скопје, ОФС Липково, ОФС Куманово и ОФС Кратово.

- **Јужен регион** со (4) ОФС /Трета лига Југ:
ОФС Прилеп, ОФС Велес, ОФС Кавадарци и ОФС Неготино.

- **Западен регион** со (3) ОФС /Трета лига Запад:
ОФС Тетово, ОФС Гостивар и ОФС Кичево.

- **Југозападен регион** со (6) ОФС /Трета лига Југозапад:
ОФС Битола, ОФС Ресен, ОФС Охрид , ОФС Струга, ОФС Д.Хисар и ОФС Македонски Брод." ;

1.2 Во став 2 алинеа 1 на член 9 , се брише бројот 5 и се додава бројот 7;
Алинеа 1 на став 2 гласи:
- за РФС со 7 и 6 ОФС во состав:
ОФС кое треба да претседава треба да има најмалку 2(два) фудбалски клуба кои се натпреваруваат во рамките на Третата лига во категорија фудбал во тековната натпреварувачка година.

1.3 Во став 2 на член 20 се брише точката и се додава: или друга финансиска поддршка.

Став 2 гласи:

ФФМ со одлука на УО на ФФМ може да определи исплата на надоместок за вршење на административни и информатички услуги или друга финансиска поддршка.

1.4 Во член 25 се бришат зборовите бр.13 од 30.08.2012 година и се додаваат зборовите: вонреден број 13 од 08.06.2017 година.

Член 25 гласи:
Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за организација на Третите лиги објавен во Макфудбал вонреден број 13 од 08.06.2017 година.

1.5 Во член 26 , се брише бројот 2017 и се додава бројот 2021;
Член 26 гласи:
Овој Правилник влегува во сила по истекот на 8(осум) дена од денот на објава во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" а ќе се применува од 15.06.2021 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката и пречистениот текст на Правилникот да се објават во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 23.04.2021 година со цел усогласување со Одлуките на Сбранието на ФФМ донесени на 12.07.2020 и 14.03.2021 година ја утврди потребата од измена на Правилникот за регионална организација на ФФМ по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л Н И К

за регионална организација на Фудбалската Федерација на Македонија

Скопје, април 2021 година

Врз основа на член 109 став 1, алинеа 3 и став 4 во врска со член 22 став 2 алинеа 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 23.04.2021 година донесе:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1065/1 23.04.2021 год.

# ПРАВИЛНИК
## За регионална организација на Фудбалската Федерација на Македонија

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува регионална организациона структура на ФФМ , внатрешната организација, минималните услови и начинот на работа на регионалните фудбалски организации.

**Член 2**

Регионалната организационата структура на ФФМ произлегува од Одлука на Собранието на ФФМ од 14.03.2021 година со која е утврден пречистен текст на Одлуката за измени во територијалната поставеност бр. 0201-1627/9 од 12.07.2020 година која упатува на формирање на 5 (пет) региони и тоа:

- **Источен регион** со (7) ОФС / Трета лига Исток:
ОФС Струмица, ОФС Штип , ОФС Свети Николе, ОФС Кочани, ОФС Пробиштип, ОФС Валандово и ОФС Гевгелија.

- **Северен регион** со (6) ОФС /Трета лига Север:
ОФС Г.Баба, ОФС К.Вода, ОФС Скопје, ОФС Липково, ОФС Куманово и ОФС Кратово.

- **Јужен регион** со (4) ОФС /Трета лига Југ:
ОФС Прилеп, ОФС Велес, ОФС Кавадарци и ОФС Неготино.

- **Западен регион** со (3) ОФС /Трета лига Запад:
ОФС Тетово, ОФС Гостивар и ОФС Кичево.

- **Југозападен регион** со (6) ОФС /Трета лига Југозапад:
ОФС Битола, ОФС Ресен, ОФС Охрид , ОФС Струга, ОФС Д.Хисар и ОФС Македонски Брод.

**Член 3**

Регионалната организационата структура на ФФМ се утврдува во согласност со Статутот на ФФМ, другите правни акти на ФФМ, позитивните законски прописи на Република Северна Македонија како и прописите на УЕФА и ФИФА.

**Член 4**

Регионалните територијални фудбалски организации, се уредуваат и организираат како Регионални фудбалски сојузи со скратен назив РФС.

РФС се формираат со здружување на Општинските фудбалски сојузи кои гравитираат на територијата на определениот регион во согласност со член 2 на овој Правилник.

**Член 5**

Во рамките на системот на натпреварување , ФФМ ги пренесува надлежностите за организирање и раководење со третиот степен на натпреварување во категоријата фудбал – Трета лига, на територијална основа како во член 2 на овој Правилник.

Управниот одбор на ФФМ, може со одлука да и пренесе надлежности на РФС за организирање на трет степен натпреварување во млади категории како и на други натпреварувања од системот на натпреварувања на ФФМ кои се реализираат на регионално ниво.

**Член 6**

РФС ја уредуваат внатрешна организација и начинот на работа во согласност со овој Правилник , Статутот и другите акти на ФФМ ;

**Член 7**

Управниот одбор на РФС е највисокиот орган на РФС.

Управниот одбор го сочинуваат претседавач и членови.

Бројот на членови на Управниот одбор на РФС зависи од бројот на здружените општински фудбалски сојузи (ОФС).

Управниот одбор на секое ОФС го делегира претседателот на ОФС за член на Управниот одбор на РФС по функција или на предлог на претседателот на ОФС бира друго лице за член на Управниот одбор на РФС.

Претседавачот на Управниот одбор го бираат членовите на одборот со мандат од 2(две) години.

Претседавачот на Управниот одбор ја врши и функцијата Претседател на РФС кога РФС настапува во правниот промет како правно лице.

**Член 8**

Управниот одбор на РФС работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседавачот на Управниот одбор на РФС, во негово отсуство седниците ги води најстариот член на Управниот одбор.

**Член 9**

На конститутивната седница на Управниот одбор на РФС, односно на првата седница по влегување во сила на овој Правилник, Управниот одбор на РФС носи Одлука со која се утврдува редоследот на ОФС за понатамошно претседавање со РФС.

Правото на претседавање со РФС се одложува за нареден мандат доколку ОФС кое треба да претседава со РФС, согласно одлуката од претходниот став, не го исполнува следниот критериумот:
- за РФС со 7 и 6 ОФС во состав:
ОФС кое треба да претседава треба да има најмалку 2(два) фудбалски клуба кои се натпреваруваат во рамките на Третата лига во категорија фудбал во тековната натпреварувачка година.
- за РФС со 3 и 4 ОФС во состав,
ОФС кое треба да претседава треба да има најмалку 1(еден) фудбалски клуб кој се натпреварува во рамките на Третата лига во категорија фудбал во тековната натпреварувачка година.

**Член 10**

Мандатот за претседавање со РФС може да заврши и предвреме доколку истиот настанал како резултат на полноважна одлука на Управниот одбор на РФС, поради непочитување на Статутот и другите акти на ФФМ, УЕФА, ФИФА, РФС како и на позитивните законски прописи на РМ.

Одлуката за прекин на мандатот подлежи на потврдување од страна на Управниот одбор на ФФМ.

**Член 11**

Мандатот за претседавање со РФС може да се продолжи за уште еден дополнителен мандат за што со консензус одлучуваат сите членови на УО на РФС.

Во случај на продолжување на мандатот за претседавање со РФС, по распоредот за претседавање се постапува по завршување/прекин на продолжениот мандат.

**Член 12**

Управниот одбор полноважно одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вклупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се носат со мнозинство од пристутните членови, при еднаков број на гласови, гласот на претседавачот е одлучувачки.

**Член 13**

Доколку членот на УО на РФС е спречен во вршењето на својата функција во ОФС подолго од 3 (три) месеци, Управниот одбор на ОФС избира друг член кој ќе ја врши функцијата до завршување на мандатот.

**Член 14**

Управниот орган на РФС ги има следните надлежности:
- носи програми за развој на фудбалскиот спорт на територијата која ја зафаќаат;
- избира членови на органите и телата на РФС како и листи на службени лица за натпревари врз основа на предлози на здружените ОФС;

- учествува во изборот на претставници за органи на ФФМ согласно одредбите на Статутот на ФФМ;
- усвојува акти со кои се регулираат односите во РФС во согласност со Статутот и другите акти на ФФМ;
- го организира и раководи натпреварувањето во Третата регионална лига на својата територија во согласност со овој Правилник и актите на ФФМ;
- одлучува по извештаите на органите и телата на РФС;
- дава мислења и предлози за прашања кои се однесуваат на работата на РФС и ФФМ;
- дава предлози за измена и дополнување на актите на ФФМ;
- има и други надлежности определени со актите на РФС кои мора да бидат во согласност со овој Правилник и другите акти на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

**Член 15**

Управниот одбор на РФС, на крајот на секоја полусезона за натпреварувањата кои му се дадени во надлежност, поднесува извештај до Управниот одбор на ФФМ.

**Член 16**

Управниот одбор на РФС за потребите на натпреварувањата кои ги организира задолжително формира/именува :

- Комисија/Комесар за натпреварување
- Дисциплинска комисија/Дисциплински комесар
- Комисија за жалби
- Комисија за судии и судење
- Комесар за делегирање судии
- Комесар за делегирање контролори
- Комесар за безбедност

Членовите на комисиите/комесарите се бираат врз основ на предлози на Управните одбори на ОФС кои се во состав на РФС.

**Член 17**

Комисиите се составени од три члена од кои еден е претседавач, освен Комисијата за жалби која е составена од 5(пет) члена од кои еден е претседавач.

Комисиите работат на седници со кои претседава претседавачот, во негово отсуство претседава најстариот член.

Комисиите полноважно одлучуваат доколку се присутни повеќе од половината членови.

Одлуките на комисиите се носат со мнозинство од присутните членови, при еднаков број на гласови, гласот на претседавачот е одлучувачки.

Комисиите и комесарите за својата работа составуваат записник.

**Член 18**

Комисиите и комесарите на РФС за својата работа составуваат записник.

**Член 19**

РФС се финансира од сопствени приходи кои вклучуваат но не се ограничуваат на:

- котизација на клубови за учество во Третата лига;
- котизација за учество во други натпреварувања;
- приходи од автоматски казни изречени согласно предметните Пропозиции за натпреварување и други акти на ФФМ кои ја регулираат предметната материја;
-парични казни изречени согласно Дисциплинскиот правилник на ФФМ;
- членарини
- донации
- спонзорства

По вклучување на РФС во правниот промет , Управниот одбор на РФС ги утврдува приходите со посебен акт.

**Член 20**

ФФМ со одлука на УО на ФФМ може да утврди исплата на надоместоци на службени лица и други потреби на натпреварувањето и организирањето на РФС.

ФФМ со одлука на УО на ФФМ може да определи исплата на надоместок за вршење на административни и информатички услуги или друга финансиска поддршка.

**Член 21**

Седиштето на РФС се определува во зависност од седиштето на ОФС чиј Претседател или избран член ја извршува функцијата на претседавач на УО на РФС.

**Член 22**

До вклучување на РФС во правниот промет, за целокупното административно, материјално и финансиско работење на РФС е одговорен ОФС во чие седиште согласно одредбите на овој правилник е седиштето на РФС.

УО на РФС определува надоместок за покривање на трошоците кои произлегуваат од работењето на ОФС во врска со став 1 на овој член.

**Член 23**

Материјалното и финансиско работење на РФС претпоставува отварање на посебна сметка во деловна банка преку која се евидентираат сите уплати и исплати во име и за сметка на РФС.

Управниот одбор на РФС со одлука ги определува потписниците на сметката кои треба да бидат најмалку двајца со колективно потпишување.

**Член 24**

Управниот одбор на ФФМ има дискреционо право времено да ги одземе или ограничи пренесените надлежности во врска со

организирање и раководење на натпреварувањата во РФС, посебно доколку утврди:

- непочитување на општите и поединечни акти на ФФМ, УЕФА,ФИФА;
- нарушување на односите помеѓу здружените чинители на РФС поради што е доведено во прашање функционирањето на натпреварувањата во РФС.

РФС на кој му се одземени надлежностите ги губи правата за финансирање од ФФМ за времетраење на изречената мерка.

Одлуката за времено одземање или ограничување на пренесените надлежности од став 1 на овој член изречена за период кој надминува 1(една) натпреварувачка година, треба да биде потврдена од Собранието на ФФМ, потврдувањето не ја одложува изречената мерка.

Одлуката од претходниот став за која Собранието одлучи да не ја потврди се смета за укината; правните последици на укинатата одлука остануваат.

**Член 25**

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за организација на Третите лиги објавен во Макфудбал ВБ 13 од 08.06.2017 година.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила по истекот на 8(осум) дена од денот на објава во службениот лист на ФФМ „Макфудбал" а ќе се применува од 15.06.2021 година.

Фудбалска Федерација на Македонија

Претседател,
Муамед Сејдини

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**